# К О Н К У Р С
## за именување нотари

Врз основа на член 11 од Законот за нотаријатот (“Службен весник на РМ” бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 2 од Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите (“Службен весник на РМ” бр.226/16), Министерството за правда го распишува триесет и деветтиот Конкурс за именување на нотари за следните нотарски седишта:

- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Битола;
- две нотарски места со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Гостивар;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Дебар;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Кавадарци;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Кичево;
- две нотарски места со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Кочани;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Кратово;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Охрид;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Радовиш;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Ресен;
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основниот суд во Свети Николе и
- едно нотарско место со службено седиште на подрачјето на Основните судови на градот Скопје

1. Кандидатот кој ќе конкурира за именување на нотар, треба да ги исполнува условите предвидени во член 10 од Законот за нотаријатот (“Службен весник на РМ” бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и тоа:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е деловно способен и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник кој според Болоњската декларација има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома за завршени правни студии во странство во траење од четири години или според Болоњската декларација има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС);
- да има положено правосуден испит;
- да има положено нотарски испит;
- да има најмалку три годинни работен стаж на правни работи по положен правосуден испит или две години работен стаж во нотарска канцеларија по положен правосуден испит;
- да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци или да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да даде изјава заверена од нотар дека ќе обезбеди соодветна опрема и простории за вршење на нотарската служба;
- да даде изјава пред нотар дека не е презадолжено, со сите последици од давање на лажен исказ;
- активно да го владее македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
- да не му престанала функцијата судија, односно не му престанал работниот однос како државен службеник, помошник нотар, заменик нотар, адвокат или извршител со правосилна одлука во дисциплинска постапка додека не поминат три години од денот на правосилноста на одлуката.

2. Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да приложат: кратка биографија, уверение за државјанство, уверение за деловна способност, лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на

медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци, диплома за завршен правен факултет, уверение за завршен правен факултет, нострифицирана диплома доколку правните студии се завршени во странство, уверение за положен правосуден испит, уверение за положен нотарски испит, доказ за работен стаж на правни работи по положен правосуден испит, уверение за неосудуваност, уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, изјава заверена кај нотар дека ќе обезбеди соодветна опрема и простории за вршење на нотарската служба и изјава заверена кај нотар дека не е презадолжен.

3. Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на конкурсот во “Службен весник на Република Северна Македонија”.
4. Кандидатите можат да се пријават за сите нотарски места објавени во Конкурсот. Кандидатите можат да го определат приоритетот на местата на кои сакаат да бидат именувани.
5. Пријавите со прилози (во оригинал или фотокопии заверени кај нотар) со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на нотар, предвидени во членот 10 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), се поднесуваат писмено до Нотарската комора на Република Северна Македонија.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification